# АНАЛИЗА НА СЛЕДЕЊЕ НА ОБВРСКАТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2011 ГОДИНА

Дозволата за вршење радиодифузна дејност се издава за емитување и пренос на одреден радио или телевизиски програмски сервис независно од техничките услови за пренос. Дозволата за вршење радиодифузна дејност на трговските радиодифузни друштва и непрофитните радиодифузни установи се доделува на временски период од девет години.

За дозволата се плаќа годишен надоместок на сметка на Советот за радиодифузија.

Висината на надоместокот се определува врз основа на формулата од член 60 од Законот за радиодифузна дејност („Службен весник на РМ" бр 100/05) Наведената формула е

((Н x БНП/200,000) x Пт x Кп) + А каде што

**Н**- е број на вкупното население во сервисната зона предвидена со дозволата, претставено како бодови, според последните податоци од Државниот завод за статистика;

- за пренос преку јавна комуникациска мрежа сервисната зона е одредена според бројот на претплатници;
- за пренос преку сателит како сервисна зона се смета целото подрачје на Република Македонија.

**БНП** - бруто-домашен производ по жител, изразено во евра, а претставено како бодови, според последните податоци од Државниот завод за статистика;

**Пт -** е коефициент, каде што за телевизиска програма е Пт=1, а за радиопрограма Пт=1/4;

**Кп -** е коефициент кој во зависност од форматот на радиодифузниот сервис изнесува:

- за програма на трговско радиодифузно друштво кое опфаќа информативни, играни, документарни, образови, програми од областа на културата, уметноста и хуманитарните науки, спортски, музички и забавни програми изнесува од 0,75 до 1;
- за специјализирани програми на трговско радиодифузно друштво чии содржини се од ист вид (спортски, музички, образовни и друго) изнесува од 1,15 до 1,5 ;
- за програми наменети за телешопинг изнесува 2,5 и
- за програма на непрофитна радиодифузна установа изнесува 0,25 и

**А** - е константа која изнесува 100 бода за радио и 200 бода за телевизија.

Вредноста на еден бод изнесува 1 евро пресметано во денарска противвредност по средниот курс на еврото според Народната банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

Врз основа на наведените параметри на горенаведената формула и податоците добиени од Државниот завод за статистика, Советот за радиодифузија ја определува висината на годишниот надоместок за дозволата.

Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделувањето на дозволата.

## ДОДЕЛЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

Од донесување на одлуката за премин на Договорите за концесија во дозволи за вршење радиодифузни дејност донесена на 29 мај 2007 година, како и сите други одлуки за доделување дозволи донесени заклучно со 31 декември 2010 година, во моментов во Република Македонија има вкупно 156 друштва кои се носители на дозволи за вршење радиодифузна дејност, и тоа :

- 5 дозволи за емитување терестријална телевизиска програма на национално ниво;
- 13 дозволи за емитување телевизиска програма преку сателит на национално ниво;
- 3 дозволи за терестријално емитување радиопрограма на национално ниво;
- 10 дозволи за терестријална телевизиска програма на регионално ниво;
- 16 дозволи за терестријално емитување радиопрограма на регионално ниво;
- 46 дозволи за емитување терестријална телевизиска програма на локално ниво;
- 2 дозволи за емитување телевизиска програма на локално ниво преку кабел;
- 58 дозволи за терестријално емитување радиопрограма на локално ниво и
- 3 дозволи за терестеријално радио – непрофитни радиодифузни установи.

Во вкупниот број наведени дозволи не се земени предвид дозволите кои со одлуки на Советот за радиодифузија се одземени заклучно со 31 декември 2010 година

## ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

Советот за радиодифузија согласно доделените дозволи, почнувајќи од датумот на доделувањето на дозволата, уредно доставува пресметка за плаќање до сите трговски радиодифузни друштва и непрофитни радиодифузни установи. За изминатиот период, односно за минатата година сѐ уште има друштва кои го немаат платено пресметаниот надоместок. Надоместокот го немаат платено уште 29 трговски радиодифузни друштва, и тоа :

- 7 трговски радиодифузни друштва кои се иматели на дозвола за емитување телевизиска програма преку сателит;
- 1 трговско радиодифузно друштво имател на дозвола за терестријално емитување радиопрограма на национално ниво;
- 5 трговски радиодифузни друштва кои се иматели на дозвола за терестријално емитување телевизиска програма на регионално ниво;
- 3 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за терестријално емитување радиопрограма на регионално ниво;
- 6 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за терестријално емитување телевизиска програма на локално ниво и
- 7 трговски радиодифузни друштва кои имаат дозвола за терестријално емитување радиопрограма на локално ниво.

До наведените друштва во повеќе наврати се доставени писмени предупредувања дека се должни да го платат пресметаниот а неплатен надоместок, бидејќи неплаќањето на надоместокот во утврдените рокови претставува една од основите за иницирање постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Во текот на изминатиот период, односно во првата половина од 2011 година, Советот за радиодифузија, согласно датумот на доделувањето на дозволата, заклучно со 16 јуни 2011 година доставил вкупно 122 фактури. Досега на вкупно 116 фактури во целост е доспеан рокот за наплата, додека на останатите 6 тој рок доспева на крајот на месецот.

Процентот на наплата на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност во моментот изнесува 36,04 %.

Во наведениот период надоместокот во целост го платиле 46 трговски радиодифузни друштва, додека, пак, 9 радиодифузни друштва делумно го платиле надоместокот.

Надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност во целост го платиле:

- 2 трговски друштва носители на дозвола за терестријална телевизиска програма на национално ниво;
- 1 трговско друштво што емитува радиорограма на национално ниво;
- 6 трговски друштва кои емитуваат радиопрограма на регионално ниво;
- 15 трговски друштва кои емитуваат телевизиска програма на локално ниво и
- 22 трговски друштва кои емитуваат радиопрограма на локално ниво.

Делумно надоместокот го платиле следните трговски радиодифузни друштва - 2 друштва кои емитуваат телевизиска програма на национално ниво, 1 друштво кое емитува телевизиска програма на регионално ниво, 2 друштва кои емитуваат телевизиска програма на локално ниво, 1 друштво кое емитува радиопрограма на регионално ниво и 2 друштва коишто емитуваат радиопрограма на локално ниво.

## ЗАКЛУЧОК

I. Главни фактори, коишто директно влијаат на ненавременото подмирување на обврските на радиодифузните друштва кон Советот за радиодифузија на РМ, во однос на плаќањето на утврдениот надоместок за дозволата за вршење радиодифузната дејност и доцнењето, односно нејзино плаќање по изминувањето на утврдените рокови се:

### I.1. БНП - бруто-домашен производ по жител

Тоа е еден од параметрите на формулата согласно член 60 од Законот за радиодифузна дејност („Службен весник на РМ“ бр.100/2005) кои во најголема мерка влијаат на висината на пресметаниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност. Имено, при пресметката на висината на податокот за бруто-националниот производ почнувајќи од 2010

година, Државниот завод за статистика применува нова методологија усогласена со законодавството на земјите членки на Европската Унија. Примената на новата метода и висината на неговото изразувањето во евра (ЕУР), наместо во американски долари (УСД), предизвика зголемување и на пресметаниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност за повеќе од 70 % од таа што се пресметуваше во претходниот период.

### I.2. Светската економска криза

Истовремено во последните две години како и сите други стопански субјекти така и наведените трговски радиодифузни друштва работат во услови на светска економска криза која се чувствува и на домашниот пазар. Поради кризата која директно влијае на сите стопански субјекти, се намалува и бројот на огласувачите, што директно влијае на приходот на овие друштва.

Наведените фактори, бруто-домашниот производ (БДП) којшто предизвика зголемување на пресметаниот надоместок на дозволата, а од друга страна економската криза којашто предизвика намалување на приходите на радиодифузерите, директно влијаат на уредноста при плаќањето на дозволата за вршење радиодифузна дејност, односно на процентот на наплата на надоместокот.

## ПРЕПОРАКИ

Со цел да се зголеми уредноста при наплатата на надоместокот за дозволата, а притоа да не се применува веднаш непопуларната мерка одземање на дозволата, треба да се упатат повторни укажувања до сите радиодифузери за навремено извршување на нивната обврска.

Исто така, со евентуални измени во Законот за радиодифузна дејност да се предвиди и можност за судска наплата на тековниот долг со пресметани камати за задоцнувањето без да се одзема дозволата за вршење на радиодифузната дејност.

Доколку овие мерки не придонесат за подобрувањето на наплатата, односно и понатаму не се почитуваат роковите, Советот за радиодифузија на РМ согласно Законот за радиодифузна дејност треба да пристапи кон донесување одлуки за одземање на дозволите поради неплаќање.